*Општина Куманово*

*11 Октомври 66 , 1300 Куманово , Република Македонија*

Градоначалникот на Општина Куманово

# О Б Ј А В У В А

Согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. Весник на РМ" бр.51/05 , 137/07 и 91/09 ) и Програма за урбанистичко планирање на Општина Куманово, донесена на Советот на Општина Куманово за 2011 година ("Сл. гласник на Општина Куманово" бр. 5 и 6 од 28 Март 2011 година),е подготвен:

- Во согласност со член 67 од Поглавје X (Оцена на влијание на определени стратегии, планови и програми врз животната средина) од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15 и 192/15), од страна на Консултантско друштво „ЕНВИРО РЕСУРСИ„ ДОО Скопје изработен е:
- Нацрт Извештај за стратегиска оцена на животната средина за планскиот документ за ДУП за дел од урбана единица „Индустрија„ дел од УБ 79, Плански опфат помеѓу автопат А1 Скопје - Белград , „11-ти Октомври„ и граница на наменска зона за плански период 2014-2019 год.

Извадок од Нацрт планот и комплетниот извештај за стратегиска оцена на животната средина за планот се достапни на веб-страницата на Општина Куманово(www.kumaovo.gov.mk) и во просториите на Општина Куманово,со седиште на ул 11 Октомври 66,секој работен ден од 13 до 16 часот.

По увидот заинтересираните граѓани,невладините и други организации,правните и физичките лица и јавноста своето мислење можат да го достават во врска со нацртот на планскиот документ и извештајот за стратегиска оцена за животната средина, во писмена форма до одговорните лица за контакт, назначени од Градоначалникот на Општина Куманово во рок од 30 дена од денот на објавување на информациите во врска со нив.

На 13.02.2018 година (вторник), во големата сала за состаноци на Општина Куманово, со почеток во 11 часот ќе се одржи јавна расправа по горе наведените документи. На расправата се поканувaат да земат учество сите заинтересирани страни.

**Контакт лица: Лидија Ланг Спасовска, 031 475 829**

**Од Општина Куманово**

---

**Од Консултантско друштво „ЕНВИРО РЕСУРСИ„ ДОО Скопје**

Емил Стојановски, дипл. инженер за заштита на животна средина

Експерт за стратегиска оцена на животна средина

Љупчо Аврамовски, дипл. економист

Игор Кукуловски, дипл. инж за заштита на животна средина

Телефон за контакт: 02-6138-360

Република Македонија • Republika e Maqedonisë • ОПШТИНА КУМАНОВО • KOMUNA E KUMANOVËS

tel :+389 31 475 800 / fax : +389 31 475 827

www.kumanovo.gov.mk e-mail : kumanovo@cig.org.mk